КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"ВОДОВОД" ц.о.
Бр. 05-56/1
30.01. 2024 год.
КОЧАНИ

04-04

Јавна здравствена установа
ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ
Institucion shëndëtesor publik
QENDRA E SHËNDETIT PUBLIK-SHKUP
Бр.-Nr. 0507-4515
01-02-2024 20 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ДОГОВОР
за јавна набавка

***Склучен на ден 30.01.2024 година, помеѓу:***

1. ***КЈП „ Водовод " Кочани***, со седиште на ул. Д - р Николиќ бр. 64, 2300 Кочани, РС Македонија застапувано и претставувано од в.д Директорот Перо Георгиевски, во својство на одговорно лице на договорниот орган (во понатамошниот текст***: Корисник на услугата*** ) од една страна, и

2. ***ЈЗУ Центар за јавно здравје Скопје,*** со седиште на бул. 3-та Македонска бригада бр. 18, Скопје, РС Македонија, ДБ 4030993209865 и ЕМБС: 4708032 застапувано од Директорот Спец. Д-р Бесим Зеќири (во понатамошниот текст: ***Вршител на услугата***) од друга страна.

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на овој Договор за јавна набавка е обезбедување на услуги, и тоа за :

***Анализа на вода за пиење – основен преглед - А***

Предметот на набавка од став 1 на овој член е детално опишан во спецификацијата, составен дел на тендерската докумнетација изработена од корисникот на услугата, за спроведување на поедноставена отворена постапка со објавување на оглас број 22474/2023 на ЕСЈН и во Службен весник на РСМ бр.265/23, која се спроведува во електронска форма, со е-аукција, а врз основа на Одлука за јавна набавка, електронски заверена на ден 12.12.2023 година.

Договорот за јавна набавка се склучува врз основа на прифатена понуда поднесна од вршителот на услугата во електронска форма преку ЕСЈН, по оглас број 22474/2023 објавен на ЕСЈН и во Службен весник на РСМ бр.265/23, врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда, електронски заверена на ден 23.01.2024 година.

**Член 2**

Услугите од член 1 од овој договор треба да се извршат во сѐ според техничката спецификација, описите, како и важечките прописи, правила и стандарди за вршење на ваков вид на услуги.

***Вредност на договорот***

**Член 3**

Вкупната вредност на овој Договор за јавна набавка, избрана за најповолна со Одлука за избор на најповолна понуда, електронски заверена на ден 23.01.2024 година, изнесува 321.000,00 денари, без вклучен ДДВ.

Единечните цени без вклучен ДДВ, а со вклучени трошоци за вршење на услугата, по опис за единечна мерка од предметот на набавка, се утврдени во Прилог на договорот - листа на цени, и истите се преземени од конечната понуда, и се крајни и непроменливи сé до конечна реализација на овој Договор.

***Начин и рок за извршување на услугите***

**Член 4**

Вршителот на услугата е должен предметот на договорот да го изврши на следниов начин :

- Сукцесивно, во период од 12 месеци, по 20 мостри вода месечно распоредени согласно писмена нарачка од страна на корисникот на услугата. Доколку има потреба, по барање на истиот ќе се извршат и повеќе анализи.

Во доставените резултати да има анализа на микробиолошките параметри потпишани од лекар – специјалист по микробиологија и анализа и стручно мислење од лекар - специјалист по хигиена и здравствена екологија.

Вршителот на услугата има обврска резултатот за резудиален хлор во водата за пиење да го достави до корисникот на услугата, најдоцна до 24h од земањето на примерокот за анализа.

Резултатите од анализите да се доставуваат и по електронска пошта.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 5**

Плаќањето на услугите кои се предмет на овој договор, ќе се врши по доставување на фактура со прилог испратница и нарачката од корисникот на услугата, за стварно извршени видови на услуги и количини, согласно писмената нарачка на корисникот на услугата и единечните цени без ДДВ, преземени од конечната понуда.

ДДВ во фактурата нема да биде изразен, бидејќи вршителот на услугата не е ДДВ обврзник.

Рокот за плаќање ќе биде 60 (шеесет) дена сметано од денот на доставување на фактурата (со придружните документи) во архивата на корисникот на услугата.

***Договорна казна***

**Член 6**

Во случај кога вршителот на услугата нема да ја изврши услугата навремено, па заради тоа падне во задоцнување, истиот е должен да му плати на корисникот на услугата договорна казна во висина од 1 % (процент) од вкупната вредност на договорот определена во чл. 2 ст.1 од овој Договор, за секој започнат ден, за првите две недели.

Во случај на доцнење на вршење на услугата повеќе од две недели, корисникот на услугата има право по претходно доставено писмено известување до вршителот на услугата, да го раскине Договорот .

Наплатата на договорната казна не го ослободува вршителот на услугата од одговорност за евентуално претрпена штета на корисникот на услугата.

***Доверливост на информации***

**Член 7**

Секаков вид на податоци и информации кои се однесуваат на оперативни или технички информации, независно дали се дадени во усна, писмена или електронска форма од било која договорна страна која открива свои доверливи податоци на другата договорна страна во врска со остварување на целта на овој Договор и кои информации се сметаат за доверливи или заштитени или се соопштени во доверба од страна на корисникот на услугата, ќе се сметаат за доверливи информации и вршителот на услугата ќе ги користи и чува согласно овој Договор.

Договорните страни се обврзуваат дека сите информации кои ќе произлезат како резултат на соработката, ќе се третираат како доверливи информации и истите нема да бидат објавувани во јавност или поставувани до трети лица без претходна писмена согласност од другата договорна страна.

Секоја дадена доверлива информација останува во сопственост на корисникот на услугата и истата не може да се користи за ниедна друга цел, освен за целта утврдена со овој Договор.

***Услови за прекинување или раскинување на договорот***

**Член 8**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 9**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 10**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 11**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 12**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

***Виша сила***

**Член 13**

Договорните страни се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Договорните страни писмено ќе ја известат другата страна во случај на стапување на виша сила и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на договорот.

***Времетраење на договорот***

**Член 14**

Договорот за јавна набавка се склучува на определено време за период од една година, сметано од денот на стапување на сила или до искористување на вредноста утврдена во член 3 од овој Договор, во текот на времетраење на важноста на истиот.

***Заштита на лични податоци***

**Член 15**

Двете договорни страни се должни со податоците и документите до кои дошле при реализација на договорот, да постапуваат во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

**Член 16**

Со потпишувањето на овој Договор, вршителот на услугата е согласен, корисникот на услугата да врши обработка на неговите лични податоци, за потребите на објавувањето на договорите за јавни набавки на Електронскиот систем за јавни набавки.

***Општи и завршни одредби***

**Член 17**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 18**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 19**

Евентуалниот спор по овој Договор ќе го решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 20**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири) примероци за корисникот на услугата, а 2 (два) примероци за вршителот на услугата и стапува на сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| ***Корисник на услугата,*** | ***Вршител на услугата,*** |
| ***КЈП Водовод Кочани*** | ***ЈЗУ Центар за јавно здравје Скопје*** |
| ***в.д. Директор,*** | ***Директор,*** |
| ______________________ | ______________________ |
| ***(Перо Георгиевски)*** | ***(Спец. Д-р Бесим Зеќири)*** |

Прилог:

- Листа на цени, утврдени согласно конечна понуда

***Листа на цени за***
***предмет на јавна набавка***
***Анализа на вода за пиење – основен преглед - А***

за договор склучен по Оглас бр. 22474/2023 објавен на ЕСЈН и во Службен весник на РСМ бр.265/23

| Реден бр. | ОПИС | Единечна мера | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Редовно испитување на водата за пиење согласно Правилникот за хигиенска исправност на водата за пиење, од пет мерни места:<br><br>1.Вода од извориштето<br>2.Вода по преработка<br>3.Вода од резервоарите за вода за пиење<br>4.Вода од водоводната мрежа<br>5.Вода на местото на потрошувачката.<br>Со стручно земање 20 мостри вода распоредени во текот на еден месец за основенпреглед - А | Бр. | 300 | 1.070,00 | 321.000,00 |
| Вкупна цена без ДДВ | | 321.000,00 | | | |
| ДДВ: | | 0.00 | | | |
| Вкупна цена со ДДВ | | 321.000,00 | | | |

***Корисник на услугата,***
***КЈП Водовод Кочани***
***в.д Директор,***

***(Перо Георгиевски)***

***Вршител на услугата,***
***ЈЗУ Центар за јавно здравје Скопје***
***Директор,***

***(Спец. Д-р Бесим Зекири)***